Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**

**КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО**

**со Отворено Одделение во Крива Паланка**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ЗАТВОР КУМАНОВО СО ОТВОРЕНО ОДДЕЛЕНИЕ ВО КРИВА ПАЛАНКА
BURGU I KUMANOVËS ME REPARTIN E HAPUR NË KRIVA PALLANKË
Бр.-Nr. 0401-1882/1
06.08.25
с.К'шање, Куманово / Kshanje, Kumanovë

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/23015. 5/2016, 142/2016 и 11.2018 и "Службен Весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/22), а во врска со објавениот интерен оглас за унапредување на административни службеници бр. 01/2025, Директорот на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2025 за унапредување на административен службеник

1.Кандидатот **ЗОРА САЗДОВСКА**, по пат на интерен оглас број 01/2025, се избира за работно место УПР 0101 Б04 000, Раководител на одделение за третман, Одделение за третман – Сектор за ресоцијализација – 1 извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас бр. 01/2025, со архивски број 0401-1794/13 од 06.08.2025 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиено известување од Министерство за финансии за обезбедни финансиски средства бр. 19-5828/2 од 23.07.2025 година, Директорот на КПУ Затвор Куманово, до административниот службеник за управување со човечки ресурси во рамки на Одделение за управување со човечки ресурси достави барање за започнување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници преку објавување на Интерен оглас бр. 01/2025 и тоа за следниве работни места:

1.Раководител на одделение за третман, Одделение за третман – Сектор за ресоцијализација, со звање – Раководител на одделение, шифра на работно место УПР0101Б04000 - 1 (еден) извршител;

2.Раководител на одделение за човечки ресурси, Одделение за човечки ресурси, со звање – Раководител на одделение, шифра на работно место УПР0101Б04000 - 1 (еден) извршител;

Огласот на ден 28.07.2025 година е објавен на веб страната на Агенцијата за администрација и Управата за извршување на санкции. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник, од страна на Директорот на затворот донесено е Решение за формирање на Комисија за унапредување на административен службеник преку објава на интерен оглас, заведено под архивски број 0401-1794/3 од 24.07.2025 година.

На ден 06.08.2023 година во 11:00 часот во просториите на Агенција за администрација започна постапка за административна селекција по интерен оглас бр.


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка
с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com

01/2025, при што во Записник од административна селекција бр. 0401-1794/11 од 06.08.2025 година, изготвен од страна на Комисијата, констатирано е дека на огласот за работното место под реден број 1: Раководител на одделение за третман – Сектор за ресоцијализација е пријавен само 1 (еден) кандидат, кој што има поднесена уредна документација, и нема неуредни кандидати.

На ден 06.08.2025 година, во просториите на КПУ Затвор Куманово започна да се спроведува интервју за интерниот оглас бр. 01/2025 од страна на Директорот на установата, при што изготвен е Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 0401-1794/12 од 06.08.2025 година.

Врз основа на Записникот за административна селекција и Записник од работата на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју, од страна на Комисијата изготвена е финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, бр. 0401-1794/13 од 06.08.2025 година, при што е констатирано дека за работното место – Раководител на Одделение за третман во Одделение за третман – Сектор за ресоцијализација избран е единствениот кандидат Зора Саздовска.

Врз основа на доставената документација, Директорот на КПУ Затвор Куманово донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на огласната табла на установата.

**Директор**
**ОЛИВЕР ЦВЕТКОВСКИ**

Доставено до:
-Именуваната
-Одделение за човечки ресурси
-Архива
-Огласна табла на КПУ Затвор Куманово

ПРИМИЛ: 06.08.2025га


Министерство за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО
Со Отворено одд. во Крива Паланка

с.К'шање, Куманово
Република Северна Македонија

+389 31 411 433
+389 31 411 477 -факс
zatvorkumanovo@yahoo.com